ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
ЦЕНТАР ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ
БИТОЛА

УЛ.ПАРТИЗАНСКА Б.Б. 7000 БИТОЛА ТЕЛ:047 208 100, ФАКС: 047 253 609
WWW.CJZBT.ORG.MK E-MAIL: ZZZBT@T-HOME.MK

**До**

**Општина Битола**

**Општински инспекторат-сектор**

**ПРЕДМЕТ: ИНФОРМАЦИЈА ДО ОПШТИНСКИОТ ИНСПЕКТОРАТ ВО ВРСКА СО ПРЕТСТОЈНАТА ПРВА ФАЗА ОД ПРЕВЕНТИВНАТА СИСТЕМАТСКА ДЕРАТИЗАЦИЈА НА ГРАД БИТОЛА ВО 2021 ГОДИНА.**

Согласно Законот за заштита на населението од заразни болести, а врз основа на одлуката на Советот на Општина Битола за спроведување на превентивна систематска дератизација на територијата на град Битола, како општа противепидемијска мерка, ЈЗУ Центар за јавно здравје-Битола го издава следново соопштение до Општинскиот инспекторат.

Се информира инспекторатот дека **во периодот од 10.05.2021год. па во наредните десет работни денови**, **екипи на Центарот за јавно здравје ќе спроведуваат активности на теренот, во смисол на ПРОЛЕТНА ФАЗА од превентивната систематска дератизација т.е.поставување на отровни мамци за уништување на глодари(глувци).**

Со дератизацијата предвидено е да бидат опфатени 4000 шахти како дел од:

- **Подземниот канализационен систем со ревизионите и прифатните шахти во сите реони на градот;**

- **Прифатниот канализациски систем во околината на објекти од посебен јавен интерес:** детски градинки, основни, средни и високо образовни институции, домови за сместување и престој на ученици и студенти, домови за сместување на стари и изнемоштени лица, домови за деца без родители и за деца со посебни потреби, медицински установи, јавни претпријатија, банки, објекти од областа на културата, објекти на локалната самоуправа и др.

- **Прифатниот канализациски систем на колективните стамбени објекти во горенаведените реони;**

- **Дератизација на јавната депонија ″Мегленци″.**

Дератизацијата ќе се изведува со поставување на родентициди, парафински блокови (отровни мамци) во канализационите шахти. Мамците се од групата на синтетски антикоагуланти од втора генерација.

Активностите на теренот ќе ги спроведуваат три екипи во состав: два санитарни техничари потпомогнати со по еден работник на ЈП Нискоградба. Активностите ќе се изведуваат во канализационите шахти поставени на коловозите, тротоарите и шахтите во околина на наведените објекти. Екипите и активностите на теренот ќе бидат обележани и заштитени со знаци за предупредување на ЈЗУ ЦЈЗ Битола и ЈП Нискоградба.

Ве известуваме дека со слични соопштенија и информации се обративме и до сите медиуми во градот, до МВР и до ДСЗИ, со цел за адекватно и благовремено информирање на граѓаните.

За сите информации и прашања отворен телефон за контакт во Центарот за јавно здравје Битола е 208-100, 208-115.

Со надеж за Ваше разбирање, соработка и помош при спроведувањето на оваа акција однапред Ви благодариме.

Со почит,
Битола,07.05.2021 година

Изработил:
Прим. Др. Тони Коњановски
Раководител на Отсек за ДДД

**-----------------------------------------**

**Директор на**
**ЈЗУ Центар за јавно здравје - Битола**
Прим. Др. Елизабета Крстева с.р

---------------------------------------------------